Скопје, 04.11.16

ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ ЗА НАЈДОБРИ ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ ПРАКТИКИ ЗА 2016 ГОДИНА

**Би-МЕК со престижна награда за проектот**
**“Посветени на мајчино млеко- поддршка за мајките кои дојат „**

Би-МЕК ДОО, медицинска и биотехнолошка компанија е добитник на статуетка, престижна национална награда за најдобри општествено одговорни практики на македонските компании, која деветта година по ред ја организира Министерството за економија и Националното координативно тело за општествена одговорност на претпријатијата.

Проектот “Посветени на мајчино млеко-поддршка за мајките кои дојат” за кој Би-МЕК беше прво награден во категоријата “Односи на пазарот” ја одразува определбата на компанијата за унапредување и придонес кон добросостојбата на заедницата и има за цел да ја подигне свесноста за придобивките од доењето, како и да влијае за зголемување на процентот на доени бебиња.

Би-МЕК ова специјално признание, односно плакета за општествена одговорност ја смета како дополнителен поттик за понатамошни активности и општествено одговорно делување во сите области на своето работење. Се заблагодаруваме на сите институции и соработници кои допринесоа за успешноста на проектот и се надеваме дека и во иднина ќе бидеме поддршка за мајките кои дојат.

Годинава беа пријавени 38 проекти, а наградите во вид на статуетки и плакети ги додели министерот за економија Дритон Кучи.